**Илина Јакимовска (Скопје, Македонија)**

# СТУДЕНТСКА АКАДЕМСКА МРЕЖА „ПРЕМИНУВАЊЕ НА ГРАНИЦИТЕ“

## IV СТУДЕНТСКА КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА ЕТНОЛОШКИ И АНТРОПОЛОШКИ ПРОБЛЕМИ, МЕЃУГРАНИЧНА СОРАБОТКА И ИНТЕЛЕКТУАЛНА РАЗМЕНА

# „БАЛКАНОТ ВО НОВИ КОНТЕКСТИ“

**(14-17 мај 2006 г., Струга)**

Студентската конференција за етнолошки и антрополошки проблеми, со посебен акцент на меѓуграничната соработка и интелектуалната размена, која оваа година беше посветена на темата Балканот во нови контексти, се одржа по четврти пат во рамките на меѓународната неформална студентска академска мрежа „Преминување на границите“. Во оваа мрежа се вклучени одделенијата од сферата на етнологијата, антропологијата, фолклористиката и на балканските студии од Балканот, и тоа студенти и нивни наставници од одделенијата за етнологија и антропологија од Љубљана, Загреб, Белград, Скопје, Атина, Митилини, одделенијата за балкански студии од Лерин, Солун и Одделението за историја, археологија и фолклор од Јанина.

На Конференцијата што се одржа од 14 до 17 мај во Струга учествуваа четириесетина претставници од гореневедените одделенија (со исклучок на оние од Загреб), главно студенти на додипломски и постдипломски студии. Нивните излагања се однесуваа на националните идеологии и национализмот на Балканот, на Балканот и постсоцијалистичките концепти, на религијата и религиските институции на Балканот, на патријархалноста и феминистичките ставови на Балканот итн. Специфика на оваа Конференција беше тенденцијата за презентирање на т.н. case studies, теренски истражувања на актуелни теми од општествениот живот, со јасен став за потребата од поголема ангажираност на етнологијата и на антропологијата во решавањето на социјалните прашања во даден контекст, како што се оние на емигрантите и на азилантите. Во рамките на Конференцијата, а во склоп на темата „Балканот како синоним за општество на мажите и патријархалноста“, беше организирана проекција на филмот „Женски приказни“ на Јелена Цветановска, како и дискусија со авторката.

Успехот на сите досегашни конференции, големиот интерес за учество од страна на студентите и на наставниот кадар, како и плодните дискусии и атмосферата на дружење и размена ветуваат дека соработката во рамките на мрежата „Преминување на границите“ ќе продолжи и во наредните години и ќе добива и нови димензии.